373.312.141.15/.16:93

Наум ДИМОВСКИ

# ПЛАНИРАЊЕТО И ПОДГОТОВКАТА НА НАСТАВНИОТ ЧАС ПО ИСТОРИЈА

Ќе се обидеме да ги изнесеме позначајните елементи во врска со планирањето и подготовката на наставниот час. Прашањето за планирањето и подготовката на наставата не е ново и непознато. Го актуализираме заради тоа што кај некои наставници постојат разни сфаќања, приоди и реализација на задачите во врска со планирањето и подготовката на наставата општо и посебно на наставниот час.

Познато е дека стручноста и методичноста, теоретски гледани, се две основни особини кои ја карактеризираат секоја човечка дејност. Нивното единство е еден од битните услови за поголема продуктивност во сите области на општествениот живот. Овие две својства ја сочинуваат и основната карактеристика на секој просветен работник.

Наставната работа е и службена и општествена должност на секој просветен работник и кон неа не може и не смее да се однесува кој како што сака или да ја организира и да ја изведува импровизирано и стихијно.

За остварување на воспитно-образовните цели и идејните задачи кои ги поставува наставната програма на предметот, програмата за работата на училиштето, современата педагогија и методика потребно е целокупната воспитно-образовна работа по секој наставен предмет па и по историја комплетно да се планира.

Планирањето и подготовката на наставата се состојат од:

а) годишниот глобален план за наставата по предметот;

б) темите што ги предвидува наставната програма за конкретниот предмет, со сите нивни потребни елементи;

в) скицирање на наставните единици во рамките на секоја тема каде што глобално се планира и се врши подготовка на секоја наставна единица предвидувајќи ги формите, методите, нагледноста, некои задачи итн.;

г) непосредната подготовка на наставниот час, на наставната единица со сите негови, односно нејзини елементи.

Кај некои просветни работници има негативно мислење за комплетната писмена подготовка на наставниот час, што иде од формалниот пристап кон прашањето, не земајќи предвид дека се планира за да се постигне рационализација, за да се заштеди време, за да се постигне успех, а не да се оптовари наставникот или да се задоволат некои формално-административни барања на училиштето или наставата.

Има и такви мислења дека комплетната писмена подготовка на наставниот час на искусниот наставник не му е потребна, дека за секој час нема потреба од писмена подготовка, дека со тоа се губи време и слично.

Ваквите ставови не можат да најдат потврда ниту во дидактиката ниту во методиката на одделните наставни предмети.

## Состојби, тешкотии и проблеми во врска со писмената подготовка на наставниот час

За различните состојби во практиката постојат тешкотии, проблеми и причини од објективен и субјективен карактер. Еве некои од нив:

— влијанието на материјално-техничките услови во училиштата;

— брзото менување на наставните планови и програми, а со тоа и на учебниците;

— недостигот на педагошко-методска и стручна литература;

— наставници без педагошко-методска и психолошка наобразба;

— одржување настава по 2, 3 и четири наставни предмети или во повеќе години;

— изведувањето настава по несоодветни предмети за кои наставникот целосно не е оспособен и други тешкотии од објективен карактер кои би требало уште повеќе да влијаат за комплетната подготовка на наставниот час, а не спротивно.

Во наставната практика во нашата Република пристапот кон ова прашање е разновиден:

— најмногу имаме, така да се каже, целосно но не комплетно со сите елементи и во сите фази планирање и подготовка;

— што се однесува до планирањето и подготовката на часот и тука состојбите се различни:

— подготовка само на содржинската — стручната страна на часот со набележани тези или прашања или потпрашања, односно наслови и поднаслови;

— формално набележани некои елементи или целото планирање има формален карактер;

— планирање и подготовка кои не произлегуваат од претходно подготвената и разработената тема на која и припаѓа конкретната наставна единица;

— планирани и подготвени само часовите за обработка на нов материјал, додека останатите типови на часови се запоставени;

— часови со еднолични форми, методи и нагледни средства;

— часови без идејно-воспитни цели и задачи;

— часови без нагледност, без корелација или некој друг значаен елемент од артикулацијата на наставниот час.

Некои од наведениве состојби, тешкотии и проблеми делумно се оправдани, но покрај тоа, ништо не не оправдува ако планирањето и подготовката не се комплетни, сообразени со конкретните услови, во духот на современите педагошко-методски, стручни и психолошки барања на што позивот и Законот за средно образование нѐ обврзуваат.

Многу важно барање во рамките на конкретната и непосредната подготовка на наставникот за наставна работа претставува одредувањето на карактерот или типот на наставниот час што треба да се изведува.

Кај нас се уште имаме одделенско-класен часовен училиштен систем во кој основна временска единица, елементарна единица, е наставниот час кој по правило трае 45 мин.

Наставниот час претставува основна организациона форма (временска единица) на наставната работа во училиштето.

Наставните часови имаат некои заеднички карактеристики, но тие, на некој начин се диференцираат.

Два наставни часа, наполно исти по својата содржина, во наставната програма нема. Секој час претставува посебна алка во наставната програма.

Во зависност од целта на часот, од конкретните задачи што треба да се реализираат, како и од карактерот на основните наставни ситуации што треба да дојдат до израз треба да се утврди типот на наставниот час.

Во современата дидактика како основни типови наставни часови се наведуваат следниве:

1. час за обработка на нов наставен материјал;
2. час за утврдување на обработен материјал;
3. час за проверување на знаењата;
4. час за систематизирање на знаењата;
5. час за обопштување на знаењата;
6. час за комплетна примена на знаењата, умеењата и навиките;
7. час за оценување на ученичките знаења;
8. час за корекции на знаењата, умеењата и навиките;
9. комбиниран час (на пр. за проверка, оценување и корекции на знаењата, умеењата и навиките или за повторување, систематизирање и утврдување).

Наведениве типови наставни часови имаат општ карактер и се применуваат скоро во сите наставни предмети.

Во наставната практика, посебно во некои училишни центри, се применуваат и други типови на наставни часови, како на пр.:

1. демонстративни;
2. часови за разни вежби;
3. корективни часови и
4. верификативни и др.

**Планирање и подготовка на различните аспекти на наставниот час**

Планирањето и непосредната подготовка на наставниот час се состои од пет компоненти или аспекти. Тие се следниве:

1. стручен аспект; (стручна компонента);
2. педагошко-методски
3. дидактички
4. материјално-технички и
5. психолошки.

Подготовката на сите аспекти на наставниот час се базира врз наставната програма и темата на која и припаѓа наставната единица.

1. **Стручниот аспект** или стручната компонента опфаќа:

— материјата што ќе се обработува и нејзината научна точна интерпретација;
— фактографија и новите поими;
— обемот и длабочината на тоа што се обработува;
— актуализацијата на содржините;
— проучувањето на содржината од учебникот и друга литература;
— определувањето на образовните задачи и др.

2. **Педагошко-методската подготовка** се состои, главно, во следново:

— определување на формите (облиците) за работа;
— определување на методите и методските постапки;
— определување на идејно-воспитните задачи;
— корелација на наставната материја во рамките на наставната тема, програмата за таа година и предметот како и корелацијата со другите сродни наставни предмети;
— содржајноста, достапноста и разбирливоста на она што се обработува;
— планот на излагањето на материјата;
— главните и дополнителните прашања;
— ставот и држењето на наставникот и учениците;
— планот на училишната табла. Овој елемент влегува и во стручната компонента итн.

3. **На дидактичкиот аспект му припаѓа:**

— типот на наставниот час;
— фазите на наставниот час;
— примената на дидактичките принципи;
— организацијата на времето и др.;
— домашната задача која припаѓа и на стручниот аспект.

4. **Психолошката подготовка на наставниот час опфаќа:**

— побудување интерес кај учениците;
— концентрирање на нивното внимание;
— оживување на чувствата;
— определување на целта на работата, а со сето тоа и
— мотивирање на учениците.

Во психолошкиот аспект на наставниот час како и пошироко во наставата влегуваат и други компоненти. Да ги спомнеме најзначајните:

— интересот и љубопитноста на учениците;
— вниманието и набљудувањето;
— мислењето со мисловните операции;
— свеста;
— чувствата;
— помнењето со сите компоненти;
— волјата со некои компоненти;
— психолошката страна на нагледноста;
— успехот во работата, а со него пофалбите, наградите и др.

5. **Материјалната компонента** на наставниот час се состои од:
— определување на местото каде што ќе се изведе часот;
— наставните, нагледните средства и материјали;
— изведување пробни експерименти;
— увежбување на сето она што треба на учениците да им се покаже итн.

Скоро сите наведени елементи треба да се имаат предвид при подготовката на наставниот час.

### Каква треба да биде писмената подготовка и композицијата на наставниот час

Во која мера ќе биде детализирана непосредната подготовка на часот зависи од:

— практиката и искуството на наставникот;
— неговата квалификација — стручна и педагошко-методска;
— тежината на наставната единица;

— типот на часот;
— условите во кои се изведува часот;
— возраста на учениците и нивните предзнаења и др.

Подготовката за секој час не е секогаш иста, зашто секој час не е од исти тип, нема еднакви цели и не врви низ исти фази.

Според повеќе методичари, писмената подготовка е попотребна за часовите на кои се проверува, утврдува, обопштува, зашто тие се потешки од другите и во практиката се јавува стихијност, неорганизираност и бесцелно репрудуцирање на изучениот материјал. Ваквите типови на часови треба посолидно да се подготвуваат во дидактичко-методски поглед, зашто нови содржини нема со исклучок на некои дополнувања.

## Видови конспекти

За стручната, содржинската, дидактичко-методската и техничката подготовка на часот, односно писмената подготовка или конспектот, има различни мислења. Во технички поглед тоа може да се изработи во три варијанти или разни облици:

1. во облик на конспект;
2. во облик на методска скица и
3. во облик на ориентационен методски потсетник.

Педагошкиот завод на Македонија ја препорачува првата варијанта — конспектот зашто тој е најкомплетен како во стручен така и во дидактичко-методски поглед.

Подоцна ќе се задржиме на формуларот и компонентите што ги содржи тој, а го претставуваат конспектот.

## Уште некои сугестии во врска со конспектот

— Може да се користи еден конспект за повеќе години со извесни дополнувања и коригирања, земајќи ги предвид условите, квалитетот на знаењата на учениците и своите забелешки.

— Ако некои елементи се планирани и предвидени при подготовката на темата, во конспектот за часот тие само ќе се преземат. На пр. корелацијата во рамките на темата, формите, методите итн.

— Да се избегнува за секој час да се планира ист редослед, исти облици и методи, зашто тоа доведува до шаблонизам. Потребно е да се внесува разновидност, еластичност и динамичност во организационата структура на часот и наставата воопшто.

На примерот на еден час за обработка на нов материјал ќе ги истакнеме фазите — деловите на наставниот час и главните елементи што ги содржат тие:

Наставниот час (класичниот) како што е познато има три фази или дела:

а) уводен,
б) главен и
в) завршен дел.

Кој колку од овие делови ќе трае, зависи од повеќе фактори. Принципиелно уводниот дел се планира да трае до 10 минути, главниот 25—35 минути и завршниот дел 5—10 минути. Тоа зависи од наставниот предмет, наставната ситуација и од концепцијата на целиот наставен час.

Кои елементи ги содржи секој дел од наставниот час кои треба да се планираат и подготват:

**Уводниот дел** треба да претставува содржинска и психолошка подготовка на учениците за следење и усвојување на новиот материјал до колку се обработува нова содржина. Во овој дел обично доаѓа до израз корелацијата, т.е. поврзувањето на претходно усвоените со нивните знаења.

Бидејќи со уводниот дел на часот се пристапува кон работата во наставниот процес, односно час во подготовките треба опстојно да се обмисли и забележи како ќе се оствари овој дел на часот.

Во обликувањето на **главниот дел** на часот најмногу доаѓа до израз креативноста на наставникот и од него зависи како ќе се разработат новите содржини. Затоа нужно е во писмена форма да се направи план-конспект и за овој дел од часот кој главно, содржи.

— тези на новата содржина;
— нови поими;
— прашања и потпрашања;
— корелација;
— актуализација;
— план на таблата, домашни задачи итн.

Кој колку елементи ќе набележи и во кој обем и длабочина ќе ги разработи зависи од индивидуата, од неговата општа подготвеност, од условите, од наставниот предмет итн.

**Завршниот дел** треба да претставува заокружување на целокупната работа на часот во кој ќе дојдат до израз најосновните, најопштите и најважните моменти од наставната единица како резиме на обработените содржини со давање на евентуални задолженија на учениците за домашна (самостојна) работа.

Концепцијата и артикулацијата на часот може да има и друга форма и структура, но каква и да е неговата форма, структура и тип подготовката е неопходна.

## Формулар за планирањето и подготовката на наставен час по историја

Подготовка на наставниот час бр. ——————

Наставна единица ——————————————————————

Тип на часот ——————————————————————————

—————— задачи на часот: ——————————————

Организација на материјално-технички услови: ——————

Наставни форми: ——————————————————————

Наставни методи: ——————————————————————

—————— Тек на часот ——————————————

Артикулација, скица, план на таблата, прашања, задачи и др.

—————— Домашна работа на учениците ——————

—————— Согледување за реализација на часот ——————

**Објаснение на елементите и фазите на наставниот час:**

Редниот број на наставниот час ќе се стави од кај темата каде што се набележани сите типови на часови за конкретната тема.

Во типот на часот, ќе се стави оној тип кој ќе се обработува.

Во задачите на часот, ќе се ставаат општите и поединечните задачи што треба да се реализираат: образовни, функционални, воспитни, корелација, актуелизација и др.*

Во образовно-функционалните задачи ќе се предвиди кои поими, факти, правила, законитости, дефиниции и функционални операции ќе им се пренесат на учениците и на кое ниво ќе се усвојат. Овде треба да се има предвид екстензитетот и интензитетот на знаењата.

Во воспитните задачи ќе се предвиди сè она што припаѓа кон оваа проблематика: од моралното воспитатние, естетското, идејното, работното итн.

Корелацијата на наставниот час треба да произлегува од корелацијата во рамките на темата во прометот или со други предмети. Со корелацијата — хоризонталнага и вертикална во рамките на предметот и со други предмети треба да се избегне фрагментарноста и изолираноста на наставната единица.

Актуелизацијата значи во воспитно-образовниот процес, учениците да се запознаат со современиот живот, со современите настани и да го почувствуваат духот и задачите на своето работење.

Во организацијата и материјално-техничките услови на часот треба да се предвидат просторно-техничките услови, наставните средства и помагала и сл.

Во наставните форми (облици) треба да се предвиди кој облик на работа ќе се примени: фронтален, групен, индивидуален, тандем (по парови) комбиниран.

Слично на облиците се предвидуваат и наставните методи кои ќе се употребат за време на часот.

Во текот на часот, ќе се предвиди содржинската артикулација на фазите од часот, колку ќе траат, што ќе содржат итн. Тука спаѓа и планот на наставната единица што треба да се оформи и напише на училишната табла со сите негови компоненти и кој ќе претставува скица, костур на наставната единица.

Во графата за домашната работа на учениците се забележува домашната работа за учениците која е органски поврза-

---

*) Поопширно види во брошурата од Киро Попоски и Божидар Ампов „За планирањето и подготовката на настава" РПЗ, Скопје, 1975, с — 32—51, каде е дадено доста широко објаснување.

на со наставата и претставува специјален облик на продолжување на работата на наставниот час и има повеќекратно значење за учениците.

Согледувањата за реализацијата на наставниот час треба да се забележат по завршувањето и анализата на часот. Овде можат да се бележат и некои специфичности на часот односно кај учениците, паралелката и сл. како и некои нови сознанија во текот на учебната година, а се однесуваат на конкретната наставна единица. Сето тоа може да биде драгоцено искуство при повторното евентуално користење на константот.